| | |
|---|---|
| Наслов | **Re: Барање за информации од јавен карактер** |
| Од | [redacted] |
| Примач | info@osprilep.mk <info@osprilep.mk> |
| Датум | 04.01.2024 09:21 |

Почитувани, дали ќе ги добијам бараните податоци, зошто изработката на Магистерскиот труд ми е врзана за рокови.

Преземете Outlook за Android

---

**From:** niki nikolina <nikolina1221@hotmail.com>
**Sent:** Thursday, December 28, 2023 6:44:25 PM
**To:** info@osprilep.mk <info@osprilep.mk>
**Subject:** Барање за информации од јавен карактер

До

Основен суд Прилеп
Бул. " Гоце Делчев " бб. Прилеп

Јас, [redacted] со адреса на живеење [redacted] од [redacted], студент на правен факултет Кичево, дисперзирани студии во Битола, на втор циклус студии, а заради изработка на мојот Магистерски труд на тема Алтернативни мерки и санкции и системот на пробација во Република Северна Македонија, Ве замолувам да ми испратите податоци за вкупен број изречени алтернативни мерки за подрачјето на Основен суд Прилеп во 2020, 2021 и 2022 година. Исто така потребни ми се податоци за тоа во колку случаи е изречена секоја алтернативна мерка одделно за 2020, 2021 и 2022 година.
Ова барање го поднесувам врз основа на член 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

2020: 1 - Процена на ризик на обвинет по чл. 12 од Закон за пробација
1 - Општокорисна работа

2021: 6 - Општокорисна работа

2022: 1 - Условна осуда со заштитен надзор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.3/2024
18.01.2024

ДО

Предмет:Одговор на Ваше барање за пристап на информации од јавен карактер од 04.01.2024год.

Во врска со Вашето барање за доставување на информација за изречени алтернативни мерки и санкции за подрачјето на Основен суд Прилеп во 2020, 2021 и 2022год., Ве известуваме дека во текот на 2020год. изречена е една Процена на ризик на обвинет, согласно чл.12 од Законот за пробација и една Општокорисна работа, во 2021год. се изречени 6 мерки за Општокорисна работа и во 2022год. една условна осуда со заштитен надзор.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Јасмина Шишковска Стојковиќ